Архивски број:04- 135/5
01.07.2021г.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.С.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 , 11/18, 275/19 и 14/20), в.д.Директорот на Државниот комунален инспекторат донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати по Интерен оглас бр.01/2021 за унапредување на еден (1) административен службеник**

1. Во врска со Интерниот оглас број **01/2021** заведен под под бр. 04-135/3 на 14.06.2021 година а според Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати со Предлог одлуката бр.04-146/1 од 01.07.2021 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр.04-139/1 од 23.06.2021 година, за работното место: -УПР 01.01.В02.000 – Виш соработник за административни работи, Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот , **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Блерим Абази** .

2. Во рок од 5 дена по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии ,Наш.бр.05-48/11 од 28.05.2021, за унапредување на административни службеници, Државниот комунален инспекторат на ден 22.06.2021 година објави на веб страната на ДКИ и веб страната на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.01/2021 заведен под бр.04-135/3 на 14.06.2021 година за унапредување на 1 административен службеник.

Во функција на спроведувањето на постапката за унапредување на административни службеници согласно прописите за административни


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу "
бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk

службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат се спроведе административна селекција за што е составен Записник бр.04-146/1 од 01.07.2021 година.
Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Финална ранг листа со предлог одлука за избор на интервјуираните кандидати за интерен оглас бр.01/2021 со бр.04-146/1 од 01.07.2021 година кои ги достави на понатамошно постапување на ден 01.07.2021 година до в.д. Директорот на Државниот комунален инспекторат – Скопје.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници дека во рок од три дена од добивањето на предлогот раководното лице е должно да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.

**в.д Директор**
**М-г Sali Ajdini**

Подготвил: Валентина Илиевска
Прегледал: Садуддин Челеби

ДОСТАВЕНО ДО:
- Кандидатот
- Човечки ресурси
- Архива


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “ бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk